Државната комисија за жалби по јавни набавки, во состав: Маја Малахова – претседател, Елита Шуки – заменик претседател, м-р Мишо Василевски – член и Томо Томовски – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по Барањето за продолжување на постапката бр.05-120/13 од 02.04.2018 година, наш бр.09-222/2 од 02.04.2018 година, изјавено од договорниот орган – ЈКП Комуналец Пехчево, во постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка број 03/2018 за набавка на стоки – моторни бензини и дизел гориво, врз основа на член 218, член 219 и член 220 став 2 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015, бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016 и бр.165/2017), на 17-та седница одржана на ден 04.04.2018 година донесе:

# З А К Л У Ч О К

1. **Барањето за продолжување на постапката** изјавено од договорниот орган – ЈКП Комуналец Пехчево, во постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка број 03/2018 за набавка на стоки – моторни бензини и дизел гориво, **СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНО.**

2. Против овој заклучок не е допуштена посебна жалба.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган – ЈКП Комуналец Пехчево објавил Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка број 03/2018 за набавка на стоки – моторни бензини и дизел гориво.

Незадоволен од содржината на тендерската документација за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка број 03/2018 за набавка на стоки – моторни бензини и дизел гориво, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки изјави економскиот оператор „ШЛИВКА-ПЕТРОЛ“ ДООЕЛ Берово.

Договорниот орган – ЈКП Комуналец Пехчево, до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе и Барање за продолжување на постапката бр.05-120/13 од 02.04.2018 по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка број 03/2018 за набавка на стоки – моторни бензини и дизел гориво, во кое бара Државната комисија да одобри продолжување на постапката за реализација на договорот кој веќе бил склучен на 27.03.2018 година. Барањето за продолжување на постапка, договорниот орган го поднел од причина што можело да настанат штети заради неспроведување на постапката, а кои биле непропорционални на нејзината вредност, односно неисполнувањето на обврските по основ на договор би предизвикале штети и правни последици.

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по Барањето за продолжување на постапката за доделување на договор за јавна набавка, одржа седница и согласно член 219, а во смисла на член 218 од Законот за јавните набавки, утврди дека барањето е недозволено, односно не е поднесено согласно со член 218 став 3 и 4 од истиот Закон кој гласи: „(3) Барањето за продолжување на постапката за доделување на договор за јавна набавка се однесува на потпишување на договорот за јавна набавка кој е предмет на жалбата. (4)Барање за продолжување на постапката за доделување на договор за јавна набавка може да се поднесе од причини поради кои можат да настанат штети заради не спроведување на постапката, а кои се непропорционални на нејзината вредност.“.

Имено, договорниот орган постапил спротивно на член 218 став 3 од Законот за јавни набавки, бидејќи барањето за продолжување на постапката кое е поднесено не се однесува на потпишување на договор за јавна набавка кој е предмет на жалбата, туку истото се однесува на веќе потпишан договор, односно на реализација на обврските на потпишаниот договор.

Државната комисија оцени дека договорниот орган бил должен во годишниот план да предвиди и планира доволно време за спроведување на постапката. Ова од причина што согласно член 26 став (1) од Законот за јавни набавки, врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според Општиот поимник за јавни набавки, со

кој го определува и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот.

Од причини погоре изложени, се донесе заклучок како во диспозитивот.

Бр.09-222/5
04.04.2018 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Маја Малахова**

Доставено до:
- Архива,
- ЈКП Комуналец Пехчево ул. „Истра“ бр.40 Пехчево